Архивски број: 08-239/5
15.07.2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-239/1 од 12.02.2024 година, поднесена од во име на неговиот малолетен син, против лицето ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел од Скопје за сторена дискриминација врз основ на ментална и телесна попреченост и здравствена состојба во обласа на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 05.07.2024 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на ментална и телесна попреченост и здравствена состојба сторена од страна на ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел од Скопје кон малолетно лице-син на

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 12.02.2024 година е доставена претставка бр. 08-239/1 од страна на во име на неговиот малолетен син. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ ментална и телесна попреченост и здравствена состојба во обласа на образование.

Во претставката подносителот наведува дека, малолетното дете, син на подносителот на претставката е дете на возраст од 5 години кое што има аутизам, било запишано во градинка во Шуто Оризари. Бидејќи детето не било прифатено и интегрирано во градинката, го отпишале од истата и поднеле барање за упис во ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел. И покрај тоа што барањето го поднеле на 03.08.2023 година, до денот на поднесување на претставката немале добиено било каков одговор од градинката за прием на детето. Подносителот на претставка наведува дека по извесен период откако уредно го поднеле барањето за упис во градинката и не добиле одговор, се обратиле до градинката за информација, но од таму биле известени дека немаат добиено никакво барање за прием на детето. Подносителот смета дека ваквото однесување на градинката е затоа што се работи за дете со аутизам и со тоа сметаат дека им е оневозможено правото на згрижување на детето во детска градинка. Во прилог на претставката е доставена и соодветна документација со која што се потврдува горенаведеното.

Согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 04.03.2024 година, Комисијата до ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел испрати известување со барање за произнесување по наводите од претставката.

На 18.04.2024 година до Комисијата беше доставено произнесување по претставката, во кое што не известуваат дека во ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел има голем број на запишани



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

деца и дека нивната установа се соочува со недостаток на кадар од сите профили од кои најмногу воспитен кадар. Во дописот се наведува дека до 2024 година установата од надлежното министерство не добило ниту една согласност за вработување со што се потешко се одвива работата. Што се однесува до родителот за чие дете се однесува претставката е со адреса на живеење во Општина Шуто Оризари а по насоки од основачот на нивната установа поточно Општина Бутел имале насоки да згрижуваат деца со адреса на живеење во Општина Бутел. Но доколку во период што следи се намали листата на чекање на деца за упис во градинка од Општина Бутел, ќе се запишуваат и деца од останатите општини во градот Скопје. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при одлучувањето по овој случај ги имаше предвид наводите од претставката и прилозите, одговорот од ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел како и домашни и меѓународни прописи.

Па од тука, Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр. 258/20) во членот 5 утврдува забрана за вршење на дискриминацијата по која било дискриминаторска основа, вклучително и по основ на попреченост. Во членот 6 од Законот, *дискриминација претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* ***Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.***

Понатаму, Комисијата констатира дека Република Северна Македонија ја ратификувала Конвенцијата за правата на детето, која во членот 29, став 1 од Конвенцијата ги дефинира целите на образованието со пропишување дека образованието на детето треба да биде насочено кон сеопфатен развој на целосниот потенцијал на детето, со развој на почитување на човековите права, зголемено чувство на идентитетот и припадноста, и неговата или нејзината социјализација и интеракција со другите и со околината.

Општиот коментар бр. 1 на Комитетот за правата на детето го појасни членот 29, став 1 од Конвенцијата, наведувајќи, меѓу другото, дека образованието треба да биде насочено кон детето, приспособено на детето и да овозможи негово/нејзино зајакнување. Образованието на кое секое дете има право е дизајнирано да ги развие животните вештини на детето, да ја зајакне способноста на детето да го ужива целиот опсег на човекови права и да влијае на создавање култура проткаена со соодветни вредности за човековите права. Образованието треба да има за цел да обезбеди секое дете да ги научи основните животни вештини и дека ниту едно дете не го напушта училиштето неспремно да се соочи со предизвиците со кои може да се очекува да се соочи во животот.

Комитетот за правата на детето го усвои и Општиот коментар бр. 9, во кој се наведува дека децата со пречки во развојот се соочуваат со сериозни тешкотии и пречки во целосното уживање на правата загарантирани со Конвенцијата. Беше истакнато дека тешкотијата не е самата развојна попреченост на детето, туку комбинација на социјални, културни и физички пречки со кои се соочуваат децата со пречки во развојот во секојдневниот живот. Комитетот изјави дека правото на недискриминација е клучно право за децата со попреченост. Државите

се обврзани да обезбедат сите деца под нивна јурисдикција да ги уживаат сите права утврдени во Конвенцијата, без каква било дискриминација. Оваа обврска подразбира дека државите преземаат соодветни мерки за да спречат каква било дискриминација, вклучително и дискриминација врз основа на пречки во развојот. Фактот дека пречки во развојот се експлицитно наведени како основа за дискриминација може да се објасни со фактот дека децата со пречки во развојот припаѓаат на една од најчувствителните групи деца. Комитетот забележува дека инклузивното образование треба да биде цел на едукација на децата со пречки во развојот, без да се исклучат од општиот образовен систем.

Инклузивното образование се темели на пристапот заснован на човековите права кој е дефиниран и во Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, кој исто така е ратификувани од РСМ и е дел од внатрешниот правен систем. Членот 7 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост предвидува дека државите ќе ги преземат сите неопходни мерки за да обезбедат децата со попреченост да ги уживаат сите човекови права и основни слободи на еднаква основа со другите деца.

Членот 24 од Конвенцијата предвидува дека државите го признаваат правото на лицата со попреченост на образование и дека државите, во остварувањето на ова право без дискриминација и врз основа на еднакви можности, им обезбедуваат инклузивен систем на образование на сите нивоа. Инклузивен систем на образование и доживотно учење има за цел целосен развој на човечкиот потенцијал и чувство за достоинство и самопочит, како и зајакнување на почитувањето на човековите права, основните слободи и различностите меѓу луѓето, како и за цел да се развие личноста, талентите и креативноста на лицата со попреченост, нивните ментални и физички способности до целосен обем на нивниот потенцијал, со цел да им се овозможи на лицата со попреченост ефективно да учествуваат во слободно општество. Исто така, предвидено е дека при остварувањето на правото на образование, државите ќе обезбедат лицата со попреченост да не се исклучуваат од општиот образовен систем врз основа на попреченост, децата со попреченост да не се исклучуваат од бесплатното и задолжително образование на основа на попреченост.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во предметот е направено веројатно дека е сторена дискриминација, во смисла на член 26, Законот за спречување и заштита од дискриминација, па затоа товарот на докажување дека начелото на еднаквост не е повредено премина на лицето против кого е поднесена претставката поточно на **ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел.** Комисијата при увид во одговорот од **ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел** констатира дека, истата во одговорот не ги оспорила наводите во претставката, ниту достави докази кои покажуваат дека презела одредени активности и мерки за прием на детето во градинка и покрај тоа што е поминато долго време од поднесеното барање за прием на детето, односно нема докази дека установата навистина презела мерки за поддршка од нејзина надлежност. **ЈОУДГ "11-ти Октомври"**-Бутел не понудила факти и докази за да докаже дека не ги прекршила одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно дека детето не било ставена во неповолна положба во однос на другите деца.

Комисијата при анализирање на прилозите доставени со претставката, особено го зема во предвид Наодот и мислењето за функционална проценка на Ј.З.У Здравствен дом на Скопје-Скопје-О.Е. Служба за функционална проценка на деца и млади, во кое што утврдуваат дека е потребна дополнителна поддршка во воспитно-образовната работа со детето со цел да се

поттикне психофизичкиот развој и за таа цел препорачуваат и даваат предност на запишување на детето во ЈУДГ"11 Октомври", за што родителите на детето се упатиле со Барање за прием на детето во оваа градинка.

Комисијата сета дека со неодговарање на Барањето за прием на детето со архивски број 2174 кое што било поднесено и уредно архивирано на 03.08.2023, ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел, детето го ставила во неповолна положба во однос на другите деца, ја отежнала можноста детето да учествува во воспитно, односно образовни активности и со тоа ги прекршила одредбите од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот и увидот во содржината на приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната

## ПРЕПОРАКА

**1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел, во рок од 30 дена од добивањето на ова мислење, да ги преземе сите неопходни мерки од неговите надлежности и да му овозможи учество во воспитно образовниот процес, да ги почитува препораките на О.Е. Службата за функционална проценка на деца и млади при Ј.З.У Здравствен дом на Скопје-Скопје за упис во таа градинка, потоа да му ја пружи потребната поддршка на детето во согласност со неговата возраст и развојни потреби, како и да се грижи во иднина да не прекршува законските прописи за забрана на дискриминација.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

ЈОУДГ "11-ти Октомври"-Бутел
Архива на КСЗД